# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ПРОФЕСОР ЕМЕРИТУС НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип бр. 0201-165/15 од 29.1.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на професор емеритус на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на приложената документација од кандидатот д-р Стојан Здравев, редовен професор во пензија, чест ни е на Универзитетскиот сенат да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

**Проф. д-р Стојан Здравев** е роден на 27 април 1944 година во с. Ињево, Општина Радовиш. Основното образование го завршува во Радовиш. Во 1959 година тој се запишува на средното рударско училиште во Бор и истото го завршува како најдобар ученик во генерацијата во 1963 година. Во учебната 1964 година тој се запишува на Рударско-геолошки факултет во Белград на насоката Експлоатација на минерални суровини.

Дипломира во 1969 година, а потоа се вработува во Рудникот „Дамјан” како управник за подготовка на производство, а потоа како главен оперативен инженер на површинскиот коп. При крајот на 1973 година поминува на работа во новоформираниот Рудник за бакар „Бучим” и тоа на работно место самостоен рударски инженер, во текот на 1980 година бил избран на работно место помошник-директор за производство каде што оваа функција ја врши до 1985 година кога потоа во истата бил избран за генерален директор на работната организација „Бучим”. На оваа раководна функција бил во мандатниот период 1985 -1989 година, каде што се постигнати највисоки производни резулатати за дотогашниот период.

Додека е на работа во Рудникот „Бучим“, тој подготвува материјали за изработка на докторска дисертација која ќе биде спојка помеѓу рударството, економија и организација при работењето, со таков материјал тој поднесува предлог-тема за докторска дисертациа која е прифатена од страна на Наставно-научниот совет при РГФ - Штип, под наслов Детерминистичко-стахастичко моделирање на потрошувачката на материјалните ресурси на површинските копови со цел на минимални трошоци на набавка и држење на залихи под менторство на проф. д-р Слободан Вујиќ, редовен професор на РГФ - Белград и истата е одбранета на 17 април 1992 година.

***Наставно-образовна, научноистражувачка дејност и стручно-образовна работа***

Во далечната 1982 година тој бил избран за вонреден предавач на Рударско-геолошкиот факултет во Штип.

Проф. д-р Стојан Здравев поминува во редовен работен однос на РГФ – Штип во тековната 1998 година и во истата е избран за раководител на Катедрата за површинска експлоатација, а подоцна и во звањето редовен професор.

Проф. д-р Стојан Здравев е учесник односно претседател на Комисија за стручна оцена – ревизија на дополнителен рударски проект за Рудник „Суводол” за експолоатација на јаглен од свлечиштето на микролокација – 3.

Воедно, истиот е председател на Ккомисија за стручна оцена – ревизија на дополнителниот рударски проект за Рудник „Суводол“ за период 2007 – 2012 година. Воедно, тој е претседател односно координатор на главниот рударски проект за површинска експлоатација на јаглен површински коп „Брод- Гнеотино” во која ревизија учествуваа како соработници 15 професори од Рударско-геолошкиот факултет - Београд.Тој е главен и одговорен проектант на повеќе рударски проекти од областа на површинска експлоатација.

Тој е главен и одговорен уредник на Зборникот на трудови од областа на рударството издаден на РГФ – во Штип 2002 година.

Едитор на Зборникот на трудови „Примена на дупчечко-рударски работи во рудниците со површинска и подземна експлоатација”, одржано советување во Охрид, 2000 година.

Едитор на зборник на трудови „Дупчечко-минерски работи во рударството и градежништвото” - трето советување со меѓународно учество, одржано во Охрид, 2003 година.

Уредник на зборник на трудови „Современи техники и технологии во рударството”, каде што прераснува од советувањето во симпозиум со меѓународно учество, кој е одржан во Охрид, 2006 година.

Учесник на четвртата Меѓународна научна конференција за површинска експолоатација, одржана во Бор, 1999 година.

Организатор на петтиот Југословенски симпозиум за површинска експлоатација, одржан во Скопје, 1980 година.

Учесник на повеќе меѓудржавни симпозиуми помеѓу Југославија и Полска, бидејќи е член на Југословенскиот комитет за површинска експлоатација при Друштвото на рударски техничари и инженери.

Учествува во Меѓународната конференција за операциски испитувања во Москава - 1998 година.

Тој учествува на повеќе светски рударски конгреси кои се одржани во Истанбул, Букурешт, Белград и др.

Има повеќе научно-стручни патувања во САД, Бугарија, Унгарија, тогашна Чешкословачка, Германија, Полска, Италија, Шведска, Турција и др.

Организатор е од страна на Р. Македонија на Балканскиот рудардски конгрес и истиот е присутен при одржувањето на конгреси во Варна – Р. Бугарија и Измир – Р. Турција.

Во 1998 година тој го издава првиот учебник од областа на рударството на македонски јазик по предметот Основи на рударството.

Активно учествува при изработка на дипломски работи, магистерски и докторски тези пријавени на Катедрата на површинска експлоатација, како ментор и како член на комисии.

До неговото одење во пензија тој има објавено повеќе од 50 научни и стручни трудови, а воедно учествувал во повеќе научноистражувачки проекти работени на Катедрата за површинска експлоатација.

Добитник е на повеќе пофалници благодарници, медали за негово учество на симпозиуми и конгреси од областа на рударството, а воедно има добиено и признание „6 ноември“ од Општина Радовиш и „65 години слободен Радовиш” во 2009 година за посебно залагање вио реализација на иницијативата за отворање на Електротехнички факултет во Радовиш, каде што е избран за прв декан во 2008 година. Во 2007 година на конститутивната седница на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, проф. д-р Стојан Здравев е избран за прв претседател на Сенатот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, ни претставува особена чест и задоволство да му предложеме на Универзитетскиот сенат да го избере проф. д-р Стојан Здравев, професор во пензија, за почесното звање професор емеритус.

**РЕЦЕНЕЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Зоран Панов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Блажо Боев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Зоран Десподов, редовен професор, с.р.**